بيان الإسلام
Bayan AL-Islam

جمعية الدعوة وتوعية الجاليات بالربوة

جمعية خدمة المحتوى الإسلامي باللغات

أنا مسلم -مقدوني

# Јас сум муслиман

أَنَــا مُسْلِــــمٌ

д-р Мухамед ибн Ибрахим ел Хамед



23 جمادى الأولى 1446
25/11/2024

# مسلم أنا

# Јас сум муслиман (1)

# Јас сум муслиман (1)

Автор: д-р Мухамед ибн Ибрахим ел Хамед

Јас сум муслиман, а тоа значи дека мојата вера е исламот исламот, кој е голем и свет збор кој Божјите пратеници, Аллаховиот мир нека е над нив,го наследиле од првиот до последниот. Овој збор носи возвишени значења и величествени вредности. Исламот претставува преданост, понизност и покорност кон Создателот, и значи мир, спокојство, среќа, сигурност и благосостојба како за поединецот, така и за општеството.

Поради тоа, зборовите селам (мир) и ислам се најчесто спомнуваните зборови во исламскиот верозакон. Ес-Селам е едно од Аллаховите имиња, и поздравот кој муслиманите го користат меѓу себе е селамот (селам алејкум), исто така и поздравот на жителите на Џенетот ќе биде селамот, а вистински муслиман е оној од чии јазик и раце се сигурни останатите муслимани. Исламот е вера корисна за сите луѓе; тој (исламот) е доволен за сите и е патот на нивната среќа на овој и на идниот свет. Од таа причина, исламот е последна, сеопфатна, сосема јасна и отворена вера за секого, не дава предност на една раса врз друга ниту пак на боја врз друга боја; напротив, сите луѓе ги третира на ист начин. Во исламот, никој не се издвојува од другите освен според тоа колку ги практикува неговите учења.

Ова е причината зошто сите освестени души го прифаќаат исламот, бидејќи тој е во согласност со човечката природност. Секој човек се раѓа со вродена наклонетост кон доброто, правдата и слободата, сакајќи го својот Господар и признавајќи дека Тој е единиот достоен за обожување. Човекот живее во оваа изворна природност сѐ додека некој не го одврати и не го насочи спротивно од неа. Оваа вера за луѓето ја избра Оној кој ги создаде, нивниот Господар и Единиот кој заслужува да биде обожуван.

Мојата вера, исламот, ме учи дека ќе живеам на овој свет, а по мојата смрт ќе преминам на друг свет кој е вечен, каде што местото на луѓето ќе биде или Џенетот (рајот), или Џехенемот (пеколот).

Мојата вера, исламот, ме обврзува со одредени наредби и ми забранува одредени работи. Ако ги исполнувам тие заповеди и ги избегнувам тие забрани, ќе бидам среќен и на овој свет и на идниот свет. А ако ги занемарам, ќе бидам од несреќните и на овој и на идниот свет, во зависност од нивото на моето занемарување и непослушност.

Најважното што ми го заповеда исламот е потврдувањето на Аллаховото едноштво – тевхидот. Па, во согласност со тоа, сведочам и цврсто верувам дека Аллах е мојот Создател и Единствениот кој заслужува да Го обожувам. Не обожувам никого освен Него; тоа го правам од љубов кон Него, стравувајќи од Неговата казна, надевајќи се на Неговата награда и потпирајќи се само на Него. Ова е тевхидот (верувањето во Аллаховото едноштво) изразен со сведочење дека Аллах е Единиот кој заслужува да биде обожуван и дека Мухамед ﷺ е Неговиот пратеник. Мухамед е печатот на веровесниците; Аллах го испрати како милост за сите светови и со него се заврши пратеничките и веровесничките мисии; нема веровесник после него. Му беше објавена општа вера која е погодна за секое време, место и за секој народ.

Мојата вера ми заповеда цврсто да верувам во мелеците (ангелите) и сите пратеници, на чело со Нух (Ноа), Ибрахим (Аврам), Муса (Мојсеј), Иса (Исус) и Мухамед – Божјиот мир нека е со нив.

Ми заповеда да верувам во сите небесни книги кои Аллах им ги објавил на Своите пратеници, и да се придржувам кон последната и највеличествената помеѓу објавите, Благородниот Куран.

Мојата вера ми заповеда да верувам во Судниот ден, ден во кој луѓето ќе бидат наградени или казнети за своите дела, и ми заповеда да верувам во кадерот – Божјата одредба, и да бидам задоволен со сѐ што ме снајде во овој живот, било добро или лошо, и да се ангажирам да ги исполнам причините за спасение.

Верувањето во Божјата одредба ми дава смиреност, спокојство, трпение, и ме учи да не жалам за она што поминало; зашто со сигурност знам дека она што ми се случило, не можело да ме заобиколи, и она што ме заобиколило, не можело да ми се случи; сѐ е предодредено и запишано од Аллах, а мојата должност е да преземам сѐ што е во моја моќ да го избегнам лошото што може да ми се случи и да бидам задоволен со сѐ што ќе ми се случи после тоа.

Исламот ми заповеда да ја прочистам својата душа со добри дела и убаво однесување со кое мојот Господар е задоволен. Тие го

прочистуваат мојот дух и влеваат среќа во моето срце, моите гради ги прават пространи, ми го осветлуваат патот по кој чекорам и на крајот, со тоа да бидам корисен член на заедницата.

Најголемите од тие дела се: потврдувањето на Аллаховото едноштво – тевхидот, извршувањето на петте дневни молитви – намазот, давањето зекат, постењето во месецот рамазан и аџилакот во Мека за оние кои се во можност да го извршат.

Една од најголемите работи на кои ме упати мојата вера, што дава посебно духовно задоволство, е честото читање на Куранот, кој е Божји збор, највистинитото зборување, најубавиот и највозвишениот говор, кој ги содржи знаењата на првите и последните. Неговото читање или слушање внесува смиреност, спокојство и среќа во срцето, дури и ако читателот или слушателот не го разбира арапскиот јазик или не е муслиман.

Една од најголемите работи што дава духовно задоволство е честото упатување молитва на Аллах, враќањето кон Него и барањето од Него за секоја мала и голема работа, Аллах му одговара на оној што Го моли, искрено исповедајќи ја верата.

Исто така, меѓу најзначајните дела со кои се доаѓа до духовен спокој е честото споменување на Возвишениот Аллах.

Мојот Пратеник, Аллаховиот мир и благослов нека се со него, ме упатил како да го величам Возвишениот Аллах и ме подучил како најдобро да се спомнува Аллах. Како пример, можеме да ги наведеме четирите збора кои претставуваат највреден говор по Куранот, а тие се: Субханаллах, Елхамдулиллах, Ла илахе иллаллах, Аллаху Екбер.

Исто така, и зборовите: Естагфируллах, Ла хавле ве ла куввете илла биллах.

Овие зборови имаат чудесен ефект врз духовната смиреност и спокојството на срцето.

Исламот ми заповеда да бидам достоинствен далеку од сѐ што ја компромитира мојата чест и човечност, и да го користам разумот и другите способности за она за што сум создаден, за сите корисни активности во мојата вера и ангажманот на овој свет.

Исламот ми наредува сомилост, добро однесување и добрини кон другите, со зборови и дела, колку што можам.

Најголемото човечко право со кое нѐ обврзува исламот е правото на родителите. Мојата вера ми заповеда да ги почитувам, да им посакувам секое добро, да ги усреќувам и да им помагам, особено во староста. Од таа причина, родителите секогаш имале висока позиција во исламските општества. Децата им укажувале неизмерна почит и секогаш им биле на услуга. И колку повеќе родителите остареат, се разболуваат, или стануваат немоќни, толку повеќе децата ги почитуваат и искажуваат добрачинство кон нив.

Мојата вера ме учи дека жената има висока почест и дека таа има големи права. Жените во исламот се со еднакви права и должности како на машките, а најдобрите луѓе се оние кои се однесуваат најдобро кон своето семејство. Муслиманката во своето детство има право на доење, грижа и добро воспитување, и во тоа време таа е радост и љубовта на срцето за своите родители и браќа.

Кога ќе порасне, тогаш ѝ се укажува посебна почит, бидејќи има старател кој секогаш љубоморно се грижи за неа. Тој не дозволува никој да ѝ направи нешто лошо, ниту да ја навреди, ниту, пак, некој да ја погледне со лоши намери.

А кога ќе се омажи, тоа се спроведува според зборот на Аллах и Неговиот цврст завет. Таа во домот на сопругот ќе живее со достоинство и со заслужена почит, а должност на сопругот е да ја почитува, да биде добар кон неа и да ја заштити од сѐ што може да ѝ наштети.

Кога ќе стане мајка, добрачинството кон неа е поврзано со Аллаховото право, а непослушноста кон неа е поврзана со ширкот (многубоштвото) и нередот на Земјата.

Кога жената е и нечија сестра, нејзиниот брат треба да ја одржува врската со неа, да ѝ укажува почест и љубоморно да ја брани. Жената како тетка – сестра на мајката, во исламот има статус на мајка во однос на почитувањето и одржувањето на роднинските врски со неа.

А како баба, или жена во поодминати години, има посебна вредност кај нејзините деца, внуци и сите роднини. Речиси никогаш нејзиното барање нема да биде отфрлено и речиси никогаш нејзиното мислење нема да се смета за погрешно.

Доколку жената не е близок роднина или сосед, таа има општо право во исламот, да не ѝ се причинува непријатност, да го спуштиме погледот и слично.

Муслиманските заедници се уште се грижат за овие права на посебен начин, што им дало на жените вредност и важност, какви што недостасуваат во другите немуслимански општества.

Во исламот, жената има право да поседува имот, да го издава под наем, да купува и продава, и да склучува други договори. Таа исто така има право да учи и поучува, да работи и заработува, на начин кој не е во спротивност со нејзината вера. Исто така, постои дел од знаењето кое е индивидуална должност (ар. фард ајн) на секој маж и жена. Кој нема да го научи, ќе направи грев.

Во основа, на жените им припаѓа сè што им припаѓа и на мажите, освен она што е карактеристично само за жените или само за мажите. Според тоа, сите прописи целосно одговараат и на машкиот и на женскиот род, како што детално е објаснето во релевантните извори.

Мојата вера ми заповеда да ги сакам своите браќа, сестри, чичковци, тетки, вујковци, и сите мои роднини. Исто така, ми заповеда да ги исполнувам обврските кон својата сопруга, децата и соседите.

Мојата вера ми заповеда да учам и ме поттикнува да правам сè што го развива мојот интелект, морал и размислување.

Исто така ми наредува да бидам срамежлив, благ, дарежлив, храбар, мудар, сталожен, трпелив, трезвен, лојален, чесен, да бидам доверлив, да им посакувам добро на луѓето, да се трудам во заработката на средствата за живот, да бидам љубезен кон сиромашните, да ги посетувам болните, да ги исполнувам дадените ветувања, да зборувам убаво и со пријатна насмевка, и на крајот, да се трудам да ги усреќам луѓето според моите можности.

Од друга страна, верата ме предупредува на незнаењето и ми ги забранува неверството, атеизмот, грешењето, неморалните постапки, блудот, вообразеностоста, зависта, омразата, лошото мислење, песимизмот, тагата, лагата, очајувањето, скржавоста, мрзеливоста, кукавичлукот, безделничењето, лутината, непромислените и глупави постапки, како и лошото однесување кон луѓето. Тука спаѓа и прекумерното зборување од кое нема никаква корист, откривањето тајни, проневерата, неисполнувањето на ветеното, непослушноста кон родителите, прекинувањето на роднинските врски, запоставувањето на децата, лошото однесување со соседите и со сите суштества воопшто.

Исламот, исто така, ми забранува да консумирам алкохол и дрога, како и да се впуштам во коцкање, кражба, измами, да ги заплашувам луѓето, шпионирам или разоткривам нивните срамни дела.

Мојата вера, исламот, наредува да ги чуваме имотите, за на тој начин да се обезбедат мир и сигурност. Поради тоа, верата ги поддржува и ги пофалува оние кои се доверливи, и им ветува убав живот на овој свет и влез во Џенет на оној свет. Од друга страна, исламот забранува кражба, пропишал посебна казна за оние кои крадат, како на овој, така и на оној свет.

Мојата вера се грижи за човечкиот живот. Поради таа причина, забранила неправедно убивање и напаѓање на другите на кој било начин, дури и вербално.

Дури забранува и човекот да си наштети себеси, па според тоа, на човекот не му е дозволено да го наруши своето здравје, разум или да изврши самоубиство.

Исламот гарантира слобода, и истата прецизно ја дефинира. Човекот во исламот има слобода да размислува, купува, продава, да се занимава со трговија и да патува. Слободен е да ги користи благодатите на овој свет од храна, пијалаци и облека, сè додека со тоа не прави нешто што е забрането, нешто со што ќе си наштети себеси или на другите.

Мојата вера ја регулира слободата, не дозволува некој да нападне друг и не дозволува човекот да се препушти на забранети уживања кои ќе го упропастат неговиот имот, среќата и човечноста.

Ако ги погледнеш оние кои си дале право на сè и си ги удоволиле сите желби, без да ги спречи некој верски или разумен мотив, ќе видиш дека живеат во голема несреќа и потешкотии, и ќе видиш дека некои од нив размислуваат дури да извршат самоубиство; сакајќи на тој начин да се ослободат од стресот.

Мојата вера ме учи на најубавите манири за време на јадењето, пиењето, спиењето и разговорот со луѓето.

Мојата вера ме учи да бидам широкоград при купопродажбата и кога ги барам своите права. Исто така ме учи да бидам широкоград кон оние кои не се припадници на мојата вера, да не бидам неправеден кон нив, ниту да им нанесам зло, туку да бидам добар кон нив и да се надевам дека до нив ќе допре доброто.

Историјата на муслиманите сведочи за нивната толеранција кон неистомислениците, толеранција каква што ниеден народ пред нив не ја познавал. Муслиманите живееле со народи од други вероисповеди кои биле под муслиманска управа. Се однесувале со сите многу убаво, онака како што треба да биде односот меѓу припадниците на човечкиот род.

Генерално, исламот ме научи на убаво однесување, убави меѓучовечки односи и на етнички манири до детали, така што мојот живот е исполнет со спокој и среќа. Покрај тоа, ми забрани сè што го загрозува мојот живот и што ѝ нанесува штета на општествената структура, човековиот (човечкиот) живот, разумот, имотот или честа.

Колку повеќе ги следам исламските начела, толку поголема ќе биде мојата среќа. А онолку колку ќе ги занемарувам и игнорирам, за толку мојата среќа ќе биде намалена.

Но, не значи дека по сето направеното сум безгрешен и дека нема да згрешам. Мојата вера води сметка за човечката природа, за мојата слабост во одредени ситуации кога можам да направам грешка, да изоставам или претерам во некои работи. Поради таа причина, исламот ми дава можност да се каам, да барам прошка за своите гревови и да се вратам кон Аллах. Според тоа, покајанието ги брише последиците од моите пропусти и го воздигнува мојот степен кај Господарот.

Сите учења на исламската вера, во која било област: верување, однесување, морални вредности и меѓучовечки постапки; се засновани на благородниот Куран и автентичниот Сунет – практика на Аллаховиот пратеник.

И на крај, одговорно тврдам дека кој било човек, каде и да е, кога праведно и непристрасно би го анализирал исламот, би го прифатил истиот. Но, проблемот настанува кога вистинската слика за исламот ја искривуваат лажни пропаганди или гнасни дела на некои припадници на исламот кои не се придржуваат вистински кон оваа совршена вера.

Ако човекот го согледа исламот таков каков што е, или преку оние кои искрено го следат, немаше да се двоуми да го прифати. Ќе му биде сосема јасно дека исламот ги повикува луѓето да бидат среќни, да го шират мирот и сигурноста меѓу нив, и да завладее правда и добротворност во нивните животи.

А што се однесува до изопачените дела на некои припадници на исламот, било да се малку или многубројни, тие не може во ниеден случај да ѝ се припишат на верата или да се обвини верата заради нивните постапки. Напротив, исламот е чист од сето тоа. Последиците од тие срамни дела се однесуваат само на нивните извршители, бидејќи, исламот не ги поттикнал, туку всушност им ги забранува и ги укорува за таквите девијантни дела.

Потоа, правичноста налага да ги погледнеме постапките на вистинските практиканти на оваа вера, тие кои ги извршуваат наредбите и прописите врзани за своите и правата на другите луѓе. Таква пракса ги исполнува срцата со почит кон оваа вера и кон нејзините вистински следбеници. Исламот не занемарил ниту едно добро, било мало или големо, а да не го поттикнал. Исто така, не изоставил ниту едно гнасно дело или штета, а да не предупредил на нив и да не ги забранил.

Затоа, вистински среќни се само оние кои искрено ја почитуваат и ја применуваат оваа вера. Тие се на највисокото ниво на совршенство на своите души кои ги украсиле со убави манири и карактеристики. Тоа го сведочат и тие од блиску и тие од далеку, и оние кои се согласуваат со нив, како и оние кои не се согласуваат со нив.

Ако верата ја оценуваме само врз основа на постапките на оние кои не ја следат искрено и исправно, тоа не би било праведно. Напротив, тоа би била чиста неправда.

На крајот, ова е повик до сите немуслимани да се заинтересираат, да го спознаат исламот и да го прифатат како своја вера.

Оној кој сака да го прифати исламот, треба да посведочи дека нема вистински бог кој заслужува да биде обожуван освен Аллах и дека Мухамед е Неговиот пратеник. (Ешхеду ен ла илахе иллаллах ве енне Мухамеден расулуллах) Потоа, треба да ги научи основните верски работи кои му се неопходни за да го практикува она што му е наредено од Бога. Колку повеќе ја учи и практикува верата, толку поголема ќе му биде среќата и ќе биде на повисок степен кај неговиот Господар.

**الفهرس**

Јас сум муслиман (1)........................................................................................ 3

# Get to Know about islam

## in More Than **100** Languages

موسوعة الأحاديث النبوية
HadeethEnc.com

**Encyclopedia of the Translations of the Prophetic Hadīths and their Commentaries**

IslamHouse.com

**A Comprehensive Reference for Introducing Islam in the World's Languages**

موسوعة القرآن الكريم
QuranEnc.com

**Encyclopedia of the Translations of the Meanings and Interpretations of the Noble Qur'an**

ما لا يسع أطفال المسلمين جهله
kids.islamenc.com

**The Platform of What Muslim Children Must Know**

موسوعة المحتوى الإسلامي
IslamEnc.com

**A Selection of the Translated Islamic Content**

بيان الإسلام
byenah.com

**A Simplified Gateway for Introducing Islam and Learning its Rulings**